Врз основа на член 59 став 3 и член 91 од Законот за рамномерен регионален развој(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр, 24/21 и 174/21) , Министерот за локална самоуправа донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРОЕКТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСПАРИТЕТИТЕ МЕЃУ И ВО РАМКИ НА ПЛАНСКИТЕ РЕГИОНИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА КОНКУРЕНТНОСТ

Член 1

Во Одлуката за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност бр. 02-1551 /1 од 24.06.2021 во член 1 се менува износот „74,853,900" со износот „64,615.900"

Во Прилогот–проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година се вршат следните измени:

„Во реден број 2 износот од „500,000„ се менува со износ „283,200", во реден број 3 износот од „8,197,412„ се менува со износ „7,152,691" , во реден број 5 износот од „4,366,000„ се менува со износ „4,364,820", во реден број 11 износот од „ 3,000,000 „ се менува со износ „ 2,999,999 ", во реден број 14 износот „5,500,000„ се менува со износ „ 2,294,708 ", реден број 16 се брише, во реден број 19 износот од „ 1,593,000„ се менува со износ „ 720,943 ". Во последниот ред на табелата вкупниот износ од „74,853.900" се менува со износот „64,615.900".

Член 2

Во Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност бр. 02-1551 /2 од 03.08.2021 зборот „74,853.900" се заменува со зборот:„ 64,515.029", а зборот 85,091.900 , исправен со Решение за исправање на техничка грешка се менува со зборот: „74,750.029".

Член 3

Со оваа одлука се распределуваат средства во вкупен износ од **13,846,971** и тоа 3,508,100 денари обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија во раздел 280.01 потпрограма ОА Рамномерен регионален развој и средства од остварени заштеди во износ од 10,338,871 денари од Одлуката за избор на проекти за финансирање на активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година бр. 02-1551 /1 од 24.06.2021 година.

Член 4

Во прилогот во членот 2 на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на проекти за финансирање на активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година, во Табелата по редот 24 се додаваат четири нови реда со броеви 25, 26, 27, 28 и 29 кои гласат:

Табела

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25 | Изработка на техничка документација за локален пат од трафостаница Магарево до почеток(влез) на Национален Парк Пелистер | Општина Битола | 800,000 |
| 26 | Изградба на техничка документација за локален пат с.Раштани до манастир „Св.Богородица" (Битолско Кале) | ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола | 1,000,000 |
| 27 | Конзерваторско реставраторски интервенции на северен конак во манастир Св.Никита- с.Горњани | Здружение за грижа за црковно наследство „Апсида" – Скопје | 9.000.000 |
| 28 | Изработка на техничка документација за реконтрукција на локалне пат с.Челопеци, Сребетино до с.Долно Козичино и фекална канализација во с.Колари | Општина Кичево | 900,000 |
| 29 | Изградба на сервисна улица „1" и станбени улици „2", „3" и „4" во ДУП „Дисанска" во општина Кавадарци | Општина Кавадарци | 2,146.971 |
| | | **Вкупно:** | 13,846.971 |

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб-страницата на Министертвото за локална самоуправа.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Средствата наменети за проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година се утврдени во Програмата за изменување на Програмата за рамномерен регионален развој во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 84/21) во вкупен износ од **88.600.000** денари.

По спроведеното прво оценување на проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година, Министерот за локална самоуправа донесе Одлука за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година бр. 02-1551/1 од 24.06.2021 година, со која се одобрува финансирање на 22 проекти во вкупна вредност од 74.853.900 денари и Одлука за измена и дополнување на одлуката за избор на проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година бр. 02-1551/2 од 03.08.2021 година во вкупна вредност од 10,238,000 денари.

По донесувањето на двете одлуки, до архивата на МЛС на ден 14.12.2021 година и 16.12.2021 пристигнаа уште девет проектни апликации, во форма на дописи од Бирото за регионален развој, кои во постапка ги оценуваше Комисија за оценка на предлог проекти.По разгледување на документацијата , Комисијата за оцена на предлог-проекти позитивно оцени осум проекти.

Врз основа на Извештајот број 3 за спроведено оценување на предлог проектите за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2021 година, подготвен од Комисијата за оценка на предлог-проекти, Министерот за локална самоуправа изврши избор на пет проекти за финансирање активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, од листата на позитивно оценетите проекти,додека бројот на проекти и износите за нивно финансирање се утврдени во согласност со преостанатите расположиви средства за таа намена од Програмата за рамномерен регионален развој во 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година член 2 точка 3 во износ од 88,600,000 и поднесените барања за финансирање.

Бр. 02-1551/4
22.12.2021
Скопје

Министер за локална самоуправа
м-р **Горан Милевски**

Доставено до:
-Архива